Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се организира **Јавна презентација и јавна анкета по** Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани, плански период 2021-2031 предлог план со Технички број 0801-521/21 од Март 2022, со површина 2,27 ха, изработен од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

**Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани**, плански период 2021-2031 го опфаќа Блок 17. Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:

- на **север-северозапад** границата започнува од точка 27 и се движи во источен правец по границата на Блок 17, односно по оска на станбена улица – ул.„Борис Ефтимов" (планиран профил на сервисна улица по Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани 2017-2027), се до најсеверната точка 26;
- на **исток** границата започнува од точка 26 и се движи во југоисточен правец по оска на станбена улица – ул.„Борис Димитров" (планиран профил на сервисна улица по Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани 2017-2027);
- на **југ** границата започнува од точка 16 и се движи во северозападен правец по оска на станбена улица – ул.„Борис Ефтимов" (планиран профил на сервисна улица по Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани 2017-2027), се до најјужната точка 1;
- на **запад** границата започнува од најјужната точка 1 и се движи во северозападен правец по оска на индустриска улица – ул.„Борис Ефтимов" (планиран профил на сервисна улица по Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани 2017-2027), се до најзападната точка 27.

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по

**Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани** плански период 2021-2031 предлог план, ќе се одржи на ден **21.04.2022г. со почеток во 11$^{00}$** часот во ОУ"Никола Карев" с.Тркање.

## ЈАВНА АНКЕТА по

**Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Тркање, со разработка на Блок 17, КО Тркање, Општина Кочани** предлог план ќе трае 30 дена , а ќе се спроведе во периодот од **21.04.2022 год.** до **20.05.2022год**. во кој рок заинтересираните физички и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки и предлози на **анкетни листови,** во писмена форма, кои можат да ги подигнат во архивата во општинската зграда, од веб страната на Општина Кочани, или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Во прилог на анкетните листови да се достави копија од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од урбанистичкиот план ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на зградата на Општина Кочани, на веб страната на општината www.kocani.gov.mk., а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам и заштита на животна средина кое се наоѓа на 1 кат во општинската зграда.

**Бр.22-553/6**
**01.04.2022 год**.
**Кочани**

Изработил: Ружица Минова

Контролирал / Одобрил: Дивна Цековска

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Градоначалник**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ